Врз основа на член 49 и член 50 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Управниот одбор на

## *КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БАНКАТА ОБЈАВУВА*

# *П О В И К*

## за учество на Годишно собрание на Банката

Годишното собрание на Комерцијална банка АД Скопје ќе се одржи на 29.03.2023 година (среда), со почеток во 12:00 часот, на ул. Орце Николов бр. 1, (зграда КБ2, сала на IV кат).

Имајќи го предвид досегашното позитивно искуство на успешно одржување на Годишното собрание на Банката со писмена кореспонденција и/или со електронско гласање, се повикуваат акционерите и оваа година да учествуваат и да гласаат на Собранието со писмена кореспонденција и/или со електронско гласање, по следниот

### *Д Н Е В Е Н   Р Е Д*

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на 5 бројачи на гласови;
3. Посебни финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво; со
   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката и
   - Предлог-одлука за усвојување на извештаите и Мислењето од Надзорниот одбор;
4. Консолидирани финансиски извештаи на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, ревидирани од ревизорско друштво; со
   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката и
   - Предлог-одлука за усвојување на консолидираните извештаи и Мислењето од Надзорниот одбор;
5. Годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01. до 31.12.2022 година; со
   - Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка;
6. Консолидирана годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01. до 31.12.2022 година; со

- Мислење од Надзорниот одбор на Банката и

- Предлог-одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и Мислењето од Надзорниот одбор;

7. Годишен извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година; со

   - Мислење од Надзорниот одбор

   - Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето од Надзорниот одбор;

8. Извештај за работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2022 година, колективно и од аспект на поединечните членови; со

   - Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;

9. Предлог-одлука за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година;
10. Предлог-одлука за определување на износот на дивидендата и датумите на исплата на дивиденда за 2022 година;
11. Предлог-одлука за промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје;
12. Предлог-одлука за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје;
13. Програма на мерки и активности на деловната политика и финансиски план на Комерцијална банка АД Скопје за 2023 година, усвоена од Надзорниот одбор на Банката (за информирање на акционерите на Комерцијална банка АД Скопје).

Согласно Предлог-одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година, донесена на седницата на Надзорниот одбор на Банката одржана на 22.02.2023 година, предложениот износ на дивиденда за 1 обична акција изнесува 500,00 денари, односно 50% во однос на нивната номинална вредност од 1.000,00 денари.

**Се предлага следниот дивиденден календар:**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 12.04.2023 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 13.04.2023 година.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2022 година е 18.04.2023 година.

Исплатата на дивиденда за 2022 година ќе започне на 04.05.2023 година.

**Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Банката и Законот за трговски друштва.**

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со право на глас, имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да доставaт предлози за вклучување нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања, најдоцна до 06.03.2023 година. Предлогот, заедно со документите за идентификација, мора да биде примен во Комерцијална банка АД Скопје најдоцна до 06.03.2023 година, до 16:00 часот. Подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет-страница на Банката www.kb.mk.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, да гласа по пат на кореспонденција или по електронски пат, за што е должен да ја извести Банката по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Банката www.kb.mk.

Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Банката најдоцна на 28.03.2023 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот или лично да ја даде документацијата на увид. Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет-страницата на Банката www.kb.mk.

Акционерите кои имаат подигнато или ќе подигнат документација за електронска регистрација за електронско гласање на Собранието, можат да гласаат со испраќање пополнет образец за гласање по електронски пат. Документација за електронска регистрација за електронско гласање акционерите може да подигнат во Дирекцијата за управување и информирање од денот на објавата на Повикот, со презентирање документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Акционерите можат електронски да гласаат во периодот од 14.03.2023 година, од 12:00 часот, до 28.03.2023 година, до 12:00 часот. Обрасците за гласање по електронски пат се достапни на интернет-страницата на Банката www.kb.mk.

Материјалите за Собранието на Банката и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден **во седиштето на Банката на ул. Орце Николов бр. 3, во Дирекцијата за управување и информирање**, **соба бр. 307 (III кат, зграда КБ1), на интернет-страницата на Банката** www.kb.mk **и на интернет-страницата на Македонската берза за хартии од вредност** www.mse.mk**.**

**УПРАВЕН ОДБОР НА БАНКАТА**